РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА БЕРОВО
Бр. 11-3119/15
12.10.2018 година
Берово

Центар за енергетска ефикасност на Македонија
Здружение "МАЦЕФ"
Бр. 0307-13/01
12.10. 2018 год
СКОПЈЕ

# ДОГОВОР
## (за јавна набавка)

Склучен на ден 05.10.2018 помеѓу:

## ДОГОВОРНИ СТРАНИ

**А. Општина Берово**, ул. "Димитар Влахов" бр.10, 2330 Берово, Р.Македонија застапувана од Звонко Пекевски, Градоначалник на опшина Берово (во понатамошниот текст набавувач, односно, "Нарачател") од една страна и

**Б.** Здружение МАЦЕФ - Центар за енергетска ефикасност на Македонија Скопје е Скопје ул.Никола Парапунов бр. 31 Скопје со ЕМБС 5712165, ЕДБ 4030002467918 со Лиценца за вршење на енергетска контрола бр. 12-3994/2 од 01.09.2014 год. издадена од Министерство за економија на Р.Македонија, застапувано од Јасминка Димитрова Капац -Управител, како извршител (во натамошниот текст извршител)

## I.ПРЕДМЕТ НА ДОГОВОРОТ

**Член 1**

Предмет на овој договор е ИЗРАБОТКА НА ТРИГОДИШНА ПРОГРАМА ЗА ЕНЕРГЕТСКА ЕФИКАСНОСТ (2019-2021) согласно Одлуката за избор на најповолна понуда бр.11 -3119/14 од 04.10.2018 година и оглас 11-3119/2018.

## II. СОДРЖИНА НА ТЕХНИЧКАТА ДОКУМЕНТАЦИЈА

**Член 2**

Изработката на техничката документација која е предмет на овој Договор, ќе се изработи согласно законските прописи и подзаконски акти.

## III. ВРЕДНОСТ НА ДОГОВОРОТ:

**Член 3**

Вредноста на услугите кои ќе се изведуваат согласно член 1 од овој Договор без пресметан ДДВ изнесува 252.000,00 денари.

***Економскиот оператор не е ДДВ обврзник.***

Цените утврдени во овој Договор ќе бидат фиксни и не се предвидува корекција на истите односно цените искажани во понудата ќе бидат фиксни за целото времетраење на Договорот за јавна набавка.

## IV. НАЧИН И РОК НА ПЛАЌАЊЕ:

**Член 4**

Начинот на плаќање е во рок од 30 (триесет) дена од денот на достава на фактурата за извршена услуга врз основа на 2 примероци од Извештај за завршена работа.

## V. ОБВРСКИ НА ИЗВРШИТЕЛОТ

**Член 5**

Извршителот се обврзува целокупната документација наведена во член 2 од овој Договор да ја изработи во рок од најмногу 90 дена односно 3 месеци од денот на потпишување на договорот за јавна набавка и да ја достави кај Нарачателот.

## VI. ОБВРСКИ НА НАБАВУВАЧОТ:

**Член 6**

Нарачателот се обврзува по претходно доставена фактура за извршената услуга да изврши навремено плаќање во рокот утврден во член 4 од Договорот.

Нарачателот е должен да определи овластено лице од општина Берово за комуникација со Извршителот и за тоа писмено да го извести извршителот со податоци за лицето.

## VII.ГАРАНЦИЈА НА КВАЛИТЕТОТ

**Член 7**

Нарачателот го гарантира квалитетот на изготвената документација утврдена во член 1, во согласност со важечките стандарди и дека извршените услуги во времето на примопредавањето се во согласност со договорот, прописите и правилата на струката и дека немаат мани што ја оневозможуваат или ја намалуваат нивната вредност или нивната подобност за редовна употреба, односно, за употребата определена со договорот.

**Член 8**

Извршителот се обврзува дека без надоместок ќе ги отстрани сите грешки и недостатоци на испорачаните услуги кои се констатирани од страна на нарачателот.

Доколку Извршителот не се придржува кон договорениот квалитет и рок на испорака и доколку не ги корегира сите нестандардни изведени услуги кои отстапуваат од договорениот квалитет, Нарачателот има право да наплати пенали.

## VIII. ГАРАНЦИЈА ЗА КВАЛИТЕТНО ИЗВРШУВАЊЕ НА ДОГОВОРОТ И УСЛОВИ ЗА НАПЛАТА НА ГАРАНЦИИТЕ

**Член 9**

Услов за стапување на сила на договорот кој ќе се склучи со најповолниот понудувач е истиот да обезбеди гаранција за квалитетно извршување на договорот .

Гаранцијата за квалитетно извршување на договорот треба да биде во висина од 10 % од вкупната вредност на договорот за јавната набавка со вклучен ДДВ, односно истата треба да изнесува најмалку ***25.200,00 денари*** со која Изведувачот се обврзува дека навремено, квалитетно и според условите од договорот ќе ги изврши услугите кои се предмет на овој договор.

Гаранцијата за квалитетно извршување на договорот се доставува во вид на банкарска гаранција во писмена форма. Гаранцијата треба да биде поднесена во оригинална форма. Копии не се прифаќаат.

Гаранцијата за квалитетно извршување на договорот треба да биде со важност до целосното реализирање на договорот.

Банкарската гаранција за квалитетно извршување на договорот треба да биде во валутата на која гласи договорот МКД.

Гаранцијата за квалитетно извршување на договорот избраниот најповолен понудувач ја доставува пред потпишувањето на договорот.

**Член 10**

Гаранцијата за квалитетно извршување на договорот ќе биде наплатена доколку носителот на набавката не ги исполнува обврските од договорот за јавна набавка.

Во случај на неисполнување на некоја од обврските од договорот за јавна набавка согласно договореното, договорниот орган писмено ќе го извести носителот на набавката дека ќе пристапи кон наплата на банкарската гаранција за квалитетно извршување на договорот.

Доколку договорот за јавна набавка е целосно реализиран согласно договореното, банкарската гаранција за квалитетно извршување на договорот договорниот орган му ја враќа на носителот на набавката *во рок од 14 дена од целосното реализирање на договорот за јавна набавка.*

Гаранцијата за квалитетно извршување на договорот договорниот орган му ја враќа на носителот на набавката по пошта, лично во седиштето на носителот на набавката или лично во седиштето на договорниот орган.

Гаранцијата за квалитетно извршување на договорот ќе биде наплатена доколку носителот на набавката не исполни некоја од обврските од договорот за јавна набавка во рокот на стасаноста, за што писмено ќе го извести носителот на набавката. Доколку дојде до наплата

на гаранцијата за квалитетно извршување на договорот, договорниот орган ќе објави до ЕСЈН негативна референца.

Во случај кога е продолжен рокот за реализација на договорот или е зголемена неговата вредност, носителот на набавката соодветно треба да ја продолжи важноста и вредноста на гаранцијата за квалитетно извршување на договорот.

Гаранцијата се наплаќа во следните случаи:

- Доколку Изведувачот не го почитува договорениот рок и начин за извршување на работите, а при тоа нема прифатливо оправдување ;
- Во случај на несовпаѓање на техничките и квалитативните карактеристики на извршените работи, согласно важечките законски прописи во РМ;
- Во случај на раскинување на Договорот по вина на Изведувачот;

## IX. РАСКИНУВАЊЕ НА ДОГОВОРОТ

**Член 11**

Кога една од договорните страни нема да ја исполни својата обврска другата договорна страна може да бара исполнување на обврската од договорот, со достава на писмено барање и образложување на причините за неисполнување на договорот.

Во случај на неисполнување на обврските и покрај писменото барање било која од страните може со еднострана изјава на волја, со свој акт, да го раскине овој Договор.

**Член 12**

Договорната страна која поради неисполнување на договорните обврски го раскинува договорот должна е тоа да и го соопшти на другата договорна страна со достава на известување со отказен рок од 15 дена по приемот на писменото известување.

**Член 13**

Со писменото известување се смета дека договорот е еднострано раскинат по истекот на отказниот рок од член 12.

## X. ОДГОВОРНОСТ ЗА МАТЕРИЈАЛНИ НЕДОСТАТОЦИ

**Член 14**

Материјален недостаток постои ако изработената документација ги нема потребните својства за редовна употреба или ги нема својствата и одликите наведени предходно.

**Член 15**

Нарачателот е должен изработената документација, да ја прегледа на вообичаен начин за да се утврди дали постојат видливи недостатоци.

Доколку прегледот се изврши во присуство на обете страни, Нарачателот е должен своите забелешки поради видливите недостатоци да му ги соопшти на Извршителот веднаш.

Извршителот се обврзува во примерен рок да изврши исправки на добиените забелешки и недостатоци без право на посебен надоместок.

**Член 16**

Кога по приемот на изработената документација од страна на Нарачателот ќе се покаже дека истата има некој недостаток што не можел да се открие со вообичаениот преглед при примопредавањето (скриен недостаток), Нарачателот е должен за тој недостаток да го извести Извршителот во рок од 3 (три) дена сметајќи го денот кога го открил недостатокот.

**Член 17**

Нарачателот кој навреме и уредно го известил Извршителот за недостатокот, може :

- да бара од Извршителот да го отстрани недостатокот ;

-да бара од Извршителот изработка на нов дел од документацијата доколку недостатокот не може да се отстрани.

## XI. ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

**Член 18**

Договорните страни можат да ги дополнат или изменат одредбите од овој договор само спогодбено.

Договорната страна која бара измена или дополнување е должна своето барање до другата страна да го достави во писмена форма.

Одредбите од овој договор можат да се изменат или дополнат со склучување на Анекс на Договорот.

Дополнувањата и измените на овој договор се важечки, ако се направени во писмен облик и ако се потпишани од двете договорни страни.

За се што не е регулирано во овој Договор, ќе се применуваат одредбите од Законот за облигационите односи.

**Член 19**

Сите евентуални спорови кои би произлегле од овој Договор, а кои договорните страни не би можеле да ги решат спогодбено, во духот на взаемна соработка и добрите деловни односи, ќе ги решава надлежниот суд во БЕРОВО.

**Член 20**

Овој Договор е составен во 4 (четири) примероци, од кои по 2 (два) примерока за секоја договорна страна.

* Прилог на овој договор е понудата на Здружение МАЦЕФ - Центар за енергетска ефикасност на Македонија Скопје по поднесена конечна цена на 13.09.2018 година.

**НАРАЧАТЕЛ**
Општина Берово
Градоначалник
Звонко Пекевски
[redacted]

**ИЗВРШИТЕЛ**
Здружение МАЦЕФ
Одговорно лице
Јасминка Димитрова Капац

ЦЕНТАР ЗА ЕНЕРГЕТСКА
ЕФИКАСНОСТ НА МАКЕДОНИЈА
МАЦЕФ
Ул. Никола Парапунов, За – 52/1, Скопје
Тел: 02 3090 178; Факс: 02 3090 179;
e-mail: macef@macef.org.mk;
www.macef.org.mk;

**Прилог 1 – Образец на понуда**

Врз основа на огласот број *11-3119/2018* објавен од страна на Општина Берово, за доделување на договор за јавна набавка **Изработка на тригодишна програма за енергетска ефикасност (2019-2021)**, со спроведување на постапка со барање за прибирање на понуди, со електронска аукција преку Електронскиот систем за јавни набавки (https://www.e-nabavki.gov.mk), и на тендерската документација, ја поднесуваме следнава:

**П О Н У Д А**

**Дел I – Информации за понудувачот**

I.1. Име на понудувачот: Здружение МАЦЕФ – Центар за енергетска ефикасност на Македонија - Скопје

I.2. Контакт информации

- Адреса: ул. Никола Парапунов бр. 31/локал 52 Скопје

- Телефон: 02 3090 178

- Факс: 02 3090 179

- Е-пошта: kokan@ukim.edu.mk

- Лице за контакт: Јасминка Димитрова Капац

I.3. Одговорно лице: Јасминка Димитрова Капац

I.4. Даночен број: 4030002467791

I.5. Матичен број: 5712165

**Дел II – Техничка понуда**

II.1.Согласни сме да ја извршиме услугата за предметот на договорот за јавна набавка на: **Изработка на тригодишна програма за енергетска ефикасност (2019-2021).**

II.2. Ги прифаќаме начинот и рокот на извршување на услугата утврдени во тендерската документација.

**Дел III – Финансиска понуда –**

III.1. Вкупната цена на нашата понуда, за **Изработка на тригодишна програма за енергетска ефикасност (2019-2021)** вклучувајќи ги сите трошоци и попусти, без ДДВ, изнесува: 252.000,00 *[со бројки]* (____________________________) *[со букви]* *двестепедесетидве илјади* денари.
Вкупниот износ на ДДВ изнесува __0.00 ден_.

III.2. Нашата понуда важи за периодот утврден во тендерската документација. Се согласуваме со начинот на плаќање утврден во тендерската документација.

III.3. Со поднесување на оваа понуда, во целост ги прифаќаме условите предвидени во тендерската документација.

Место и датум
Скопје, 27.09.2018

Одговорн[illegible]
Ја[illegible]инка Дим[illegible] Капац
(по[illegible]) *

**Овој образец не се потпишува своерачно, туку исклучиво електронски со прикачување на валиден дигитален сертификат чиј носител е одговорното лице или лице овластено од него.*